Врз основа на член 19 став (1) точка 11) од Законот за ревизија ('Службен весник на РМ' бр. 158/2010, 135/2011, 50/2012, 188/13, 43/14, 138/14, 145/15 192/15, 23/2016 и 83/2018), а во врска со член 25 и член 51 од Статутот на Институтот на овластени ревизори на РМ (ИОРРМ), Управниот одбор на ИОРРМ, на предлог на Комисијата за контрола на квалитетот на ревизорски услуги, на седницата одржана на 04.06.2020 година ја усвои следната

# ТРИГОДИШНА ПРОГРАМА

## за работа на Комисијата за контрола на квалитетот на ревизорските услуги за периодот 2020 - 2022 година

1. Тригодишната програма за работа на Комисијата за контрола на квалитетот на ревизорски услуги (во натамошниот текст: комисијата) за периодот 2020-2022 година, се изработува врз основа на надлежностите на комисијата уредени со Статутот на ИОРРМ.
2. Тригодишната програма за работа на комисијата ги содржи следните активности:
    - Придржување до целите на Акцискиот план кој се доставува до IFAC за имплементирање на ефективна и ефикасна програма во согласност со СОЧ1[1].
    - Подготвување на Годишени извештај за наодите од извршените контроли во периодот 2020-2022 година.
    - Подготвување на презентација во рамките на организиран посебен настан за едукација, за наодите, заклучоците и препораките од проверките на контролата извршени во периодот 2020-2022.
    - Подготвување на општи статистички податоци за екстерна комуникација.
    - Измени и дополнувања на Правилникот за начинот и постапката на контрола на квалитетот на друштвата за ревизија и на овластен ревизор – трговец поединец, по потреба.
    - Подготвување на циркуларни писма од областа на примена на стандардите за ревизија прифатени во Република Северна Македонија, по потреба.
    - Ажурирање и развивање на методологијата за начинот и постапката на контрола на квалитетот на друштвата за ревизија и на овластен ревизор – трговец поединец, доколку има потреба.
    - Изготвување и усвојување на Годишни планови за контрола на квалитетот во периодот 2020-2022 година, вклучувајќи и термински план.
    - Следење на спроведувањето на Годишни планови за контрола на квалитет во периодот 2020-2022 година, вклучувајќи го и термински план план и квартално известување за спроведените контроли по барање на СУНРРМ.

[1] Statement of Membership Obligations

*На 17.07.2020 година, СУНРРСМ даде согласност на Тригодишната програма за работа на Комисијата за контрола на квалитетот на ревизорски услуги за периодот 2020-2022 година*

- Согласно наодите од проверките на контролата на квалитетот, доставување на информации и предлози до Комисијата за образование, обука и публикации за цели на дизајнирање на план и програма на обуки.
- Други прашања поврзани со контролата на квалитет.

3. Оваа Тригодишна програма стапува во сила со денот на нејзиното усвојување од страна на Управниот одбор на ИОРРМ, а ќе се применува по добивање на согласност од Советот за унапредување и надзор на ревизијата на РСМ.

***Драган Димитров***
***Претседател на ИОРРМ***

*На 17.07.2020 година, СУНРРСМ даде согласност на Тригодишната програма за работа на Комисијата за контрола на квалитетот на ревизорски услуги за периодот 2020-2022 година*